Весна Ацевска

## РАЃАЊЕТО НА РЕЧТА

Во ноќта густа во која ветер  нема
ни шум има, ни глас се јави во ноќ,

во ноќта пуста во која ѕвезда нема
ни зрак има, ни пламен трепна во ноќ,

во преѓи од саѓи, над окно од гламни,
повлечи црта и речи – не - во таква ноќ,

отвори сомнеж, разгори пркос, искра
да вивне, реч да роди, црно-глува ноќ.

### БИОГРАФИЈА

Весна Ацевска е родена 1952 год. во Скопје. Дипломирала на Филолошкиот факултет во Скопје.

Книги поезија: *Подготовки за претстава* (1985), *Карпа за скок* (1991*), Котва за ное* (1994*); Неред во огледалото* (1996). Нејзината поезија е преведувана на повеќе јазици.